ЈП“СОЛИДАРНОСТ“-ВИНИЦА
Бр. 02-517/2
05.08.2016 год.

Врз основа на член 19 и 29 од Законот за јавни претпријатијија (сл.весник на РМ бр. 38/96, бр.49/06 и 22/07) согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија (Сл.весник на РМ бр.41/2014, 39/2016) Управниот одбор на ЈП“Солидарност“-Виница на седницата одржана на ден 05.08.2016 година донесе пречистен текст на:

# С Т А Т У Т
## На ЈП за комунални работи “Солидарност“-Виница

## I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**чл.1**

Со овој Статут поблиску се уредуваат: организацијата, управувањето, раководењето со претпријатието, дејноста, општи акти и постапката за нивно донесување, информирање, планирање како и други прашања од значење на претпријатието.

**чл.2**

ЈП за комунални работи “Солидарност“-Виница како претпријатие од посебен јавен интерес е организирано како јавно претпријатие за вршење на комунални дејности на територијата на Општина - Виница со Одлука на Собрание на Општина - Виница бр. 0201-2817 од 24.11.1989 година (службен гласник бр. 7/89).

**чл. 3**

Претпријатието има својство на правно лице.

Во правниот промет со трети лица претпријатието настапува во свое име и со своја жиро сметка.

За извршените и преземените обврски одговара со сиот свој имот со целосна одговорност.

**чл. 4**

Претпријатието работи под фирма: Јавно претпријатие за комунални работи “Солидарност“-Виница со целосна одговорност.

Скратен назив на претпријатието е ЈП“Солидарност“-Виница.

**чл.5**

Седиштето на претпријатието е во Виница ул.“Плачковички одред“ бб.

## II ОСНОВАЊЕ

**чл. 6**

Претпријатието е основано со Решение на народен одбор на Општина - Виница бр. 01-3508/1 од 20.08.1960 година под фирма Комунално пазарна управа “Солидарност“-Виница, а е запишано во судскиот регистар во Окружен стопански суд - Штип под број 508/73 од 29.12.1973 година.

**чл.7**

За промена на фирмата и седиштето одлучува Управниот одбор на претпријатието врз основа на согласност од основачот.

## III ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ И АМБЛЕМ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**чл.8**

Претпријатието при работењето употребува свој печат, штембил и амблем.

Печатот на претпријатието има округла форма со пречник од 2 см. со текст испишан на Македонски јазик кој гласи: Јавно претпријатие за комунални работи “Солидарност“ ЦО -Виница.

**чл.9**

Штембилот на претпријатието има правоаголна форма со дим.6x3 см. со истиот текст испишан на македонски јазик како округлиот печат.

**чл.10**

Претпријатието има свој знак - амблем.

Амблемот претставува стилизација на приборот и материјалот со кој претпријатието ја извршува дејноста.

**чл.11**

Начинот на употреба ракување, чувањето и употреба на печатот и штембилот е регулиран со посебен Закон и акт на претпријатието.

## IV ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**чл.12**

Претпријатието ги врши следните дејности кои се од посебен јавен интерес и му е доверено вршење на дејностите од јавен интерес на подрачјето на Општина Виница:

35. Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација

35.3 Снабдување со пареа и климатизација

36 Собирање, обработка и снабдување со вода

36.0 Собирање, обработка и снабдување со вода

37 Отстранување на отпадни води

37.0 Отстранување на отпадни води

38 Дејности за собирање, обработка и отстранување на отпад, обновување на материјали

38.1 Собирање на отпад

38.2 Обработка и отстранување на отпад

38.3 Обновување на материјали
39 Дејности за санација и останати услуги на управување со отпад
42 Нискоградба
42.2 Изградба на комунални објекти
42.9 Изградба на други објекти од нискоградба
42.91 Изградба на хидроградежни објекти
42.99 Изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на друго место
43 Специјализирани градежни дејности
43.2 Електроинсталатерски, водоводни и канализациски инсталации и други градежни инсталатерски работи
43.22 Поставување на инсталации за водовод, канализација и инсталации
81.29 Останати услуги на чистење, неспомнати на друго место(пазарни услуги)
93.2 Забавни и рекреативни дејности
93.21 Дејности на забавни и тематски паркови
93.29 Останати забавни и рекреативни дејности, неспомнати на друго место
96.0 Други лични услужни дејности
96.03.Погребни и слични дејности(изградба, реконструкција, управување и одржување на гробишта.

Во извршувањето на дејностите од јавен интерес треба да се почитуваат принципите: сигурност во давање на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите.

**чл.13**

Основачот - Советот на Општина Виница е должно да обезбеди општи услови за извршување на комуналните дејности, материјални и технички услови и нивно унапредување, трајно и континуирано извршување на дејностите и постојано подигање нивото, квалитетот и обемот на работа.

## V. ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**чл.14**

Органи на јавното претпријатие се:

-Управен одбор
-Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење
-Директорот

1.Управен одбор

**чл.15**

Управниот одбор на јавното претпријатие се состои од 5 члена делегирани од основачот.

**чл.16**

Во Управниот одбор основачот именува односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на претпријатието, имајќи ја во предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на сите заедници.

За претседател и член на управен одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

-да е државјанин на Република Македонија,

-да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII /1 степен образование,

-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност,

-има минимум 3 години работно искуство,

-поседува еден меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години,

-има положено психолошки тест и тест за интегритет.

**чл.17**

Членот на Управниот одбор не може да има лично преку трето лице или по било кој основ интереси во претпријатието.

Секој член на Управниот одбор како и директорот се должни да го предупредат основачот за постоењето на ваков интерес од страна на еден или повеќе членови на Управниот одбор.

Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател и заменик претседател.

**чл. 18**

Управниот одбор на претпријатието има овластување да презема мерки што се потребни и корисни за работата на претпријатието во согласност со Законот.

Мандатот на членовите на управниот одбор трае 4 години.

**чл. 19**

Управниот одбор на претпријатието:

1.Го донесува Статутот на претпријатието,

2.Ги усвојува програмата за работа и развој на претпријатието

3.Ја утврдува деловната политика

4.Ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето

5.Одлучува за употреба на средствата остварени со работењето на претпријатието и покривањето на загубите

6.Донесува одлуки за инвестициони вложувања

7.Ги утврдува цените на производите и услугите

8.Донесува општи акти на претпријатието нивно изменување и дополнување

9.Донесува програми, планови, одлуки и други акти од областа на одбраната.

10.Одлучува по приговори за заштита на правата на работниците во случаи утврдени со закон

11.Донесува одлуки за вршење на попис на средствата, побарувањата и обврските

12. Донесува одлуки за набавка основни средства

13.Разгледува барања од надлежни органи и институции во Републиката

14.Одлучува и за други прашања што се од негова надлежност.

**чл. 20**

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува, доколку се присутни повеќе од половината членови на управниот одбор.

Одлуките на Управниот одбор се сметат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор

**чл. 21**

Јавното претпријатие не може на претседателот или на член на управниот одбор, на претседателот или на член на надзорниот одбор или на директорот на јавното претпријатие да им дава заеми или гаранции на заеми кои тие ги склучиле со трети лица.

2.Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење

**чл. 22**

За вршење на контрола за материјално финансиското работење на претпријатието се формира надзорен одбор за контрола составен од 5 членови.

Членовите на надзорниот одбор за контрола од став 1 од овој член ги именува односно разрешува основачот со својот акт.

За член на надзорниот одбор за контрола може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Македонија,

-да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII /1 степен образование,

-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност,

-има минимум три години работно искуство,

-поседува еден меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години,

--има положено психолошки тест и тест за интегритет.

**чл.23**

Мандатот на членовите на надзорниот одбор за контрола трае 4 години.

**чл. 24**

Членовите на надзорниот одбор за контрола можат да присуствуваат на седницата на Управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставува и на членовите на Управниот одбор.

**чл.25**

Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува годишните сметки и извештаи за работа на претпријатието и по прегледувањето дава свое мислење до Управниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

**чл. 26**

Управниот одбор не може да ги усвојува годишните сметки и извештајот за работењето на претпријатието ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор за контрола.

**чл. 27**

Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на претпријатието со свое мислење надзорниот одбор за контрола ги доставува до Министерот за финансии со известување за состојбата на претпријатието врз чие работење врши контрола.

3. Директор

**чл. 28**

Со работата на јавното претпријатие раководи директор што го избира односно разрешува градоначалникот на општината.

За именување на директор се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик..

Градоначалникот на општината, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор на јавното претпријатие.

Директорот на јавното претпријатие може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие.

**чл. 29**

Директорот се избира со мандат од 4 години.

За директор на претпријатието може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Македонија,

-има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII /1 степен образование,

-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

-поседува еден меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години,

-има минимум пет години работно искуство,

-има положено психолошки тест и тест за интегритет.

**чл.30**

Директорот на јавното претпријатие за својата работа одговара пред градоначалникот на општината.

Директорот склучува договор со градоначалникот на општината за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.

Директорот, членовите на управниот одбор и членовите на надзорниот одбор, ако извршат, односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука.

Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.

**чл.30-а**

Директорот на јавното претпријатие е должен секои шест месеца да доставува извештај за работата на јавното претпријатие до градоначалникот на општината.

Во извештајот од став 1 на овој член директорот е должен да достави податоци за видот и обемот на работите извршени при обавување на дејноста на јавното претпријатие, како и податоци за финансиското работење.

Ако од извештајот за работа се утврдат недостатоци или загуби во финансиското работење, директорот е должен истите да ги отстрани во наредните шест месеци.

**чл. 31**

Директорот ги врши следните работи:

1.обезбедува спроведување на одлуките и заклучоците на Управниот одбор.

2.Учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој и е одговорен за нејзиното реализирање.

3.Учествува во утврдувањето на критериуми за користење и располагање со средствата и употреба на средствата остварени со работењето на претпријатието.

4.Го организира и го раководи процесот на работа и работењето на претпријатието.

5.Ја предлага внатрешната организација на претпријатието.

6.Склучува договори за реализација на програмите и други договори за потребите од тековното работење на претпријатието.

7.Решава за распоредување на работниците.

8.Организира и обезбедува работна дисциплина во претпријатието.

9.Се грижи за законитоста во работата, примената на прописите, статутот и другите акти на претпријатието.

10.Се грижи за остварување на обврските на претпријатието од областа на одбраната согласно законот.

11.Донесува план за користење на годишни одмори.

12.Донесува одлуки за поединични права обврски и одговорности на работниците.

13.Издава налози, упатства и наредби со кои се обезбедува работењето на претпријатието.

14.Врши и други работи од негова надлежност.

**чл. 32**

Функцијата директор е неспоива со функцијата пратеник во Собрание на Република Македонија, функцијата претседател и член во Владата на Република Македонија како и член на советот и Градоначалник на Општината за јавното претпријатие кое е основано од Општината.

**чл.32-а**

Јавното претпријатие има обврска да доставува тримесечни извештаи до основачот кои ќе содржат показатели за финансиското работење.

## VI ДРУГИ ОРГАНИ И ТЕЛА

**чл. 33**

За остварување на одредени права обврски и одговорности на работниците во организационите единици на претпријатието и претпријатието во целина се формираат помошни органи и тела - комисии кои можат да бидат постојани и повремени.

**чл. 34**

Постојани комисии се:

-комисија за попис на суровини и материјали

-комисија за попис на парични средства и благајна

-комисија за основни средства и ситен инвентар

Повремени комисии се формираат по потреба

Бројот на членовите на комисиите изнесува 3 члена а нив ги избира управниот одбор.

**чл. 35**

Директорот на претпријатието како свое советодавно тело формира стручен колегиум кој претставува советодавен, стручен и оперативен орган.

Со колегиумот раководи и истиот го свикува директорот на претпријатието.

## VII. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**чл. 36**

Внатрешната организација на претпријатието е уредена согласно Законот за јавните претпријатија и другите прописи.

Внатрешната организација на претпријатието која досега беше организирана односно составена од работни единици се менува и е составена од 6(шест) сектори и 14(четиринаесет) одделенија.

Дејноста на претпријатието се врши во следните сектори:

1. Сектор за општи правни работи

2.Сектор финансии и сметководство

3.Сектор за контрола на корисници

4.Сектор водовод и канализација
5.Сектор за комунална хигиена и градско зеленило
6.Сектор за технички работи

1.Секторот за општи правни работи е составен од 2(две) одделенија:Одделение за правни работи и Одделение за човечки ресурси.
2.Секторот финансии и сметководство е составен од 2(две) одделенија:Одделение за сметководство и Одделение за јавни набавки.
3.Секторот за контрола на корисници е составен од 2(две) одделенија:Одделение за контрола на корисници и Одделение градски пазар.
4.Секторот водовод и канализација е составен од 3(три) одделенија:Одделение одржување водовод и канализација, Одделение лабораторија и Одделение одржување филтер станица.
5.Секторот комунална хигиена и градско зеленило е составен од 3(три) одделенија: Одделение комунална хигиена, Одделение градско зеленило и Одделение управување со гробишта.
6.Секторот за технички работи е составен од 2(две) одделенија: Одделение градежна оператива и Одделение одржување на механизација.

**чл.37**

Со претпријатието раководи директорот на претпријатието.
Со секторите раководат раководители на сектори а со одделенијата раководат раководители на одделенија.

## IX АКТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**чл. 38**

Освен Статутот во претпријатието се донесуват следните општи акти:
-Правилник за внатрешна организација
-Правилник за систематизација на работни места
-Колективен договор
-Други акти
Актите во претпријатието мора да бидат во согласност со Статутот на претпријатието.
Толкување на општите акти дава Управниот одбор на претпријатието

**чл.39**

Актот за систематизација на јавното претпријатие го донесува директорот по претходна согласност од управниот одбор на јавното претпријатие и од Министерство за информатичко општество и администрација во делотна усогласеноста на описите на работни места со каталогот на работни места утврден во законот за вработени во јавниот сектор.

## X ИНФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

**чл.40**

Управниот одбор и директорот се одговорни за редовно, вистинито информирање на работниците за севкупното работење на претпријатието, за остварување и распределба на добивката, за располагањето, користењето и здружувањето на средства, како и за други прашања од значење за работата на работниците и на претпријатието во целина.

Работниците и единиците на локалната самоуправа односно основачот, непосредно за работата на претпријатието се информираат преку членовите на Управниот одбор.

Работниците се информираат и преку огласна табла на претпријатието и други средства за информирање.

**чл.41**

Вработените во Јавното претпријатие имаат положба, права и обврски од работен однос согласно со Законот за работни односи и колективен договор.

## XI ПРОГРАМА И РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**чл. 42**

Со цел зголемување на добивката и развојот на претпријатието се донесува програма за работа и развој на претпријатието.

Програмата за работа и развој ја донесува Управниот одбор на предлог на директорот, кој воедно е и одговорен за нејзината реализација.

## XII ОДБРАНА

**чл. 43**

Работниците во претпријатието имаат право и должност да учествуваат во организирањето и остварувањето на одбраната и да вршат работи од областа на цивилната заштита во согласност со закон.

**чл. 44**

Работниците во претпријатието ја остваруват одбраната со организирање на работи и задачи од областа на одбраната со обезбедување на средства, донесување на акти, планови за одбрана и преземање на мерки во реализирање на плановите и програмите на одбраната.

## XIII СИНДИКАТ - УСЛОВИ НА РАБОТА НА СИНДИКАТОТ

**чл. 45**

Претпријатието е должно да создаде услови за активноста на синдикатот во врска со заштита на правата на работниците од работниот однос утврдени со закон и колективен договор.

Активноста на синдикатот во согласност со став 1 од овој член не може да се спречи со акт на претпријатието.

**чл. 46**

На барање на синдикатот претпријатието доставува податоци и информации за оние прашања што имаат нај непосредно влијание на материјалната и социјалната положба на синдикатот (работниците) и ги разгледува мислењата и предлозите на синдикатот во постапката на донесување на одлуки и решенија што имаат битно влијание на материјалната и социјалната положба, односно во остварувањето на правата на работниците.

На синдикалниот претставник му се овозможува непречено комуницирање со претпријатијата или овластено лице, кога тоа е неопходно за остварување на функцијата на синдикатот.

**чл. 47**

Претставникот на синдикалната организација има посебна заштита и не може да биде повикан на одговорност, ниту доведен во понеповолна положба, вклучувајки го и престанокот на неговиот работен однос поради членството во синдикатот или учество во синдикалните активности со кои се штитат правата и интересите на работниците ако постапува во согласност со закон и колективен договор.

Посебната заштита на претставникот на синдикатот трае за време на неговиот мандат и две години потоа за синдикални активности согласно став 1 на овој член што ги презел за време на неговиот мандат.

**чл. 48**

Претставникот на синдикалната организација поради синдикалните активности со кои се штитат правата и интересите на работниците не може:

-да биде распореден на друго работно место кај ист или друг работодавец,

-да биде утврден како технолошки вишок и распореден по тој основ,

-против него да се покрене постапка односно да му престане работниот однос со отказ.

**чл. 49**

На претставникот на синдикатот треба да му се овозможи ослободување од работа за негово оспособување и ефикасно вршење на функциите на синдикатот.

Начинот, времето и условите на ослободување од работа на синдикалниот претставник се уредува со колективниот договор на претпријатието.

## XIV ШТРАЈК

**чл. 50**

Работниците правото на штрајк го остваруваат во согласност со законот на јавните претпријатија и колективниот договор на претпријатието.

**чл. 51**

Ако работниците во претпријатието одлучат да го користат правото на штрајк, најдоцна 7 дена пред денот кога имаат намера да најават штрајк треба на директорот на претпријатието да му достават писмено предупредување во кое синдикатот односно штрајкувачки одбор ќе ги изнесе причините за намерата да се организира штрајк.

Штрајкувачкиот одбор, претставниците на управниот одбор и директорот се должни по предупредувањето да понудат предлог за решавање на спорот и со тој предлог да ги запознаат работниците и јавноста.

Синдикатот односно штрајкувачкиот одбор ако донесат одлука да стапат во штрајк должен е одлуката за стапување во штрајк да ја достави до директорот на претпријатието најмалку 7 дена пред отпочнувањето на штрајкот.

**чл. 52**

Штрајкувачкиот одбор и работниците кои учествуваат во штрајкот должни се штрајкот да го организираат и да преземат мерки со кои ќе обезбедат физичка сигурност на вработените, заштита на опремата и инсталациите како и извршување на обврските спрема граѓаните правните лица и државните органи.

**чл. 53**

Основачот утврдува кои лица носители на раководни функции односно лица кои зависи техничко технолошкиот процес и се од незаменливо значење за одвивање на дејноста на претпријатито не можат да учествуваат во штрајк и пропишува кои се нивни обврски и како мора да постапуваат во случај на штрајк во претпријатието.

## XV ДЕЛОВНА ТАЈНА

**чл. 54**

Во интерес да се зачува безбедноста и успешното работење на претпријатието, поедини податоци од работењето и односите во претпријатието претставуваат деловна тајна и можат да се соопштат на трети лица на начин пропишан со закон и посебен акт.

## XVI ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**чл. 55**

Со усвојувањето на овој Статут престанува да важи Статутот на ЈП за комунални работи “Солидарност“ - Виница заведен под број 0207 - 224 од 03.11.1989 година.

**чл. 56**

Статутот ќе се смета за донесен ако за истиот гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

**чл. 57**

Сите акти во претпријатието ќе се усогласат со овој Статут во рок од 6 месеци од стапувањето во сила на овој Статут.

**чл. 58**

Измени и дополнувања на овој Статут ќе врши Управниот одбор на начин и постапка како при неговото донесување.

Толкувања на одредбите на овој Статут ќе дава Управниот одбор во консултација со правната служба.

**чл. 59**

Овој Статут стапува во сила и ќе се применува 8 дена од добивање на согласноста на основачот.

Управен одбор
претседател,
Сашко Карчов